Врз основа на членовите 22 став(1) и 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ број 167/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23),**член 3-г став (1),став (4) ,(став 5) од Законот за средното образование** („Службен весник на Република Македонија” број 44/1995, 16/1996, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 41/2001, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 18/2003, 67/2004, 51/2005, 55/2005, 113/2005, 3/2006, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 88/2009, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 229/20 и 78/25 и 132/25), и УПАТСТВО за начинот на обезбедување поддршка на учењето за учениците со попреченост и наставниците и соработката помеѓу државните средни училишта со ресурсен центар, центрите за поддршка на учењето и државните, општинските средни училишта со архивски **број 13-8517/1 од 18.06.2025** година донесено од МОН, како и ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПОБАРУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНА АСИСТЕНЦИЈА И НАЧИНОТ НА СЕЛЕКЦИЈА И ИЗБОР НА ОБРАЗОВЕН АСИСТЕНТ, КАКО И ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКА НА ОБРАЗОВЕН АСИСТЕНТ со архивски број **13-5853/5 од 10.06.2025** од МОН како и ПРАВИЛНИК за норматив за образовниот асистент,описот на компетенциите и работните задачи арх.бр.13-5853/6 од 16.06.2025 год и согласноста за вработување на определено работно време МОН сектор средно образование со арх.бр.**13-9432/4 од 30.07.2025 и одлуката на директорот со арх бр. 04-563/1 од 30.07.2025 година, ДУРДМОВ„ Димитар Влахов„ - Скопје, објавува:**

## ЈАВЕН ОГЛАС

### за вработување на определено работно време на 2 (двајца) образовни асистенти за ученици со попречености во средното образование

Се објавува јавен оглас за вработување на 2 образовни асистенти на определено работно време за учебната 2025/2026 година, за работа со ученици со попречености во средните училишта во следниве општини: еден во Битола(Државно музичко училиште-Битола) и еден во Кичево (ОСУ Мирко Милески-Кичево) на следниве работни места:

1. Двајца извршители образовни асистенти – во средно училиште на македонски наставен јазик.

Кандидатот треба да ги исполнува следниве:

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;

- активно да го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, што ќе се утврди со соодветна проверка со кандидатите коишто имаат доставено навремена, комплетна и уредна документација во просториите на училиштето за познавање на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо (или во текот на интервју со физичко присуство или со користење сретсва за електронска комуникација во услови кога е спречен од оправдани причини да биде физички присутен)односно за времето , местото и часот на проверка ќе бидат навремено известени.
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена состојба за работното место;
- со правосилна пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;
- да не му е изречена привремена мерка за заштита или не му е одземено вршењето на родителското право
- да не е лице против кое се води кривична постапка или со правосилна пресуда да не е осуден за кривично дело;
- да не е родител/старател или друг член на потесното семејство на лицето на кое би му пружало образовна асистенција.

**Посебни услови:**

Завршено образование за:

Специјален едукатор и рехабилитатор, педагог, психолог, социјален работник, социјален и рехабилитациски педагог, социолог, семејнолог, односно лице кое ги исполнува условите за наставник во средно образование согласно Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта.

Доколку на јавниот оглас за вработување не се јави лице кое е со стекнато звање од став 1 од овие посебни услови,образовен асистент може да биде и лице кое се стекнало со најмалку 240 кредити според ЕКТС (VI А ниво) или завршено најмалку високо образование со траење од четири години (најмалку VII/1 степен).

Лицата избрани за образовен асистент посетуваат задолжителна обука за образовни аситенти,Согласно Програмата за обука за образовен асистент,утврдена од министерот на предлог на Бирото за развој на образованието,спроведена од државното средно училиште со ресурсен центар.

Општи работни компетенции на образовните асистенти:

- поддршка на учениците со попреченост;
- соработка со наставниците;
- соработка со родителите/старателите;
- соработка со стручните работници од средното училиште и со стручните работници од државното средното училиште со ресурсен центар и инклузивниот тим на ученикот;
- соработка со зедницата;
- комуникација и
- остварување резултати.

Распоред на работно време:

- Работни денови понеделник-петок;
- Работно време 8 часови дневно;
- Работни часови неделно 40,
- Основен надоместок на образовниот асистент: 38,000,00 денари; Времетраењето на работниот однос за кој се ангажира образовниот асистент е за учебната 2025/2026година.

Потребни документи за пријавување:

- Барање/Молба;
- CV/Кратка биографија;
- Мотивационо писмо за интересот за работното место образовен асистент;
- Диплома/уверение за завршено соодветно образование;
- Уверение за државјанство;
- Извод од матична книга на родени;

- Потврда од суд за неосудуваност не постара од 6 (шест) месеци;
- Потврда од суд дека не му е одземено родителско право.
- Лекарско уверение не постаро од една година.
- Потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност не постара од 6 (шест) месеци;
- Изјава дека кандидатот не е член на потесно семејство на ученикот на кој му се пружа поддршка.

---

-во селекцијата за избор, по извршена административна проверка се спроведува интервју(со физичко присуство или со користење на сретсва за електронска комуникација во услови кога е спречен од оправдани причини да биде физички присутен)

-по спроведената постапка за селекција,избраните кандидати за образовни асистенти

склучуваат договор за вработување.

---

**Документите се доставуваат во рок од 3 (три) дена од денот на објавувањето на**

повикот во дневниот печат во затворен плик, лично во архивата на училиште ДУРДМОВ „Димитар Влахов„ Скопје од 08:00 до 14:00 часот или по препорачана пошта, брза пошта на адреса: Народни хеори број 8, СКОПЈЕ, со назнака „Јавен оглас за образовен асистент“., а изборот ќе се изврши во рок во зависност од пријавените кандидати, согласно Член 23, став (2) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија број 167/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23). Лице за контакт, Елена Пановска - секретар 075/377370

Документите се доставуваат во оригинал или копии заверени на нотар.Изборот на кандидатите го врши комисија формирана од директорот на училиштето.Во селекцијата за избор, по завршената административна проверка, комисијата врши интервју.

**Некомплетната и неневремено доставена документација нема да се разгледува.**

ДУРДМОВ